European Policy Institute. Skopje • Институт за европска политика - Скопје • Instituti për politikë evropiane - Shkup

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

во врска со повикот за истражувачи од проектот „**Граѓанска дебата за НАТО“**

Овој документ ги содржи испратените прашања до Институтот за европска политика во врска со отворениот повик за истражувачи од проектот „Граѓанска дебата за НАТО“, финансиран од Министерството за одбрана на Република Македонија. Документот ќе биде постојано ажуриран со прашања и одговори, до затворањето на повикот.

Последно ажуриран: 27 август 2018 година, 16:20ч

**Прашање 1**

Истражувачкото прашање е широко поставено и не е дефинирано дали се мисли на економските, демократските или други придобивки и предизвици од пристапувањето на Република Македонија во НАТО. Потребно ќе биде да се опфатат сите овие теми, или?

<u>Одговор:</u> Конкретните теми за истражување на ефектите од пристапувањето во НАТО зависат од интересот на истражувачите. Темите треба да бидат експлицитно наведени во апликацијата доставена до нас.

**Прашање 2**

Дали можат да се пријават тимови за истражувањето?

<u>Одговор:</u> Да, освен индивидуално, истражувачите можат да се пријават и во тим. Сепак, надоместокот за едно истражување останува ист и тој ќе се подели помеѓу истражувачите во тимот.

Проектот е финансиран од Министественото за одбрана на Република Македонија.